**20091503196**

## УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 став 4, а во врска со член 81 став 2 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/2007), директорот на Управата за ветеринарство донесува

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ, СУРОВИНИ И ОТПАДОЦИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ВНЕСУВАЊЕ НА ТРАНСМИСИВНИ СПОНГИОФОРМНИ ЕНЦЕФАЛОПАТИИ

1. Во Решението за забрана на увоз во Република Македонија на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло заради спречување на внесување на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии („Службен весник на Република Македонија” бр. 57/09 и 108/09) во Прилогот 1 по зборот „Финска” се додава зборот „Чиле”.

Во Прилогот 2 зборот „Чиле” се брише, по зборот „Ирска” се додава зборот „Јапонија”, а по зборот „Кипар” се додава зборот „Колумбија”.

Во Прилогот 3 зборовите „Јапонија” и „Колумбија” се бришат.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

11-3930/4
4 декември 2009 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.